# ПРИЛОГ КОН ДИЈАГНОЗАТА И ЛЕКУВАЊЕТО НА НЕТУБЕРКУЛОЗНИТЕ МИКОБАКТЕРИИ

**Љиљана Симоновска**

**Институт за белодробни заболувања и туберкулоза**

**Резиме**

Микобактериите (Mycobacteriaceae) се фамилија на мали стапчести бактерии кои се класифицирани во три групи, со единствена цел - адекватна дијагноза и соодветна терапија**.** Во третата група се вбројуваат т.н. нетуберкулозни микобаткерии (НТМ) или микобактериози. НТМ се широко распространети во околината, особено на влажна почва, во реките и потоците. НТМ се почесто застапени во развиените земји каде инциденцата варира од 2,3 до 3,8/100 000 **.** Инфекциите кај човекот се верува дека настануваат поради експозиција од околината , а докази за трнасмисија од животно на човек и од човек на човек се ретки ( практично невозможни) **.**Според Американското Торакално здружение изолирани се над 100 специеси на НТМ со најчеста застапеност на Mycobacterium avium Complex ( MAC), Mycobacterium kansasii и Mycobactrium abscessus. Микобактериозите најчесто причинуваат заболувања на белите дробови ( во 75% од случаите), на кожата и поткожното ткиво, лимфните жлезди, а дисеминираните форми се ретка манифестација, особено кај имуно- коммпромитираните лица. Во дијагнозата на микобактелериозите клучно место има микробиолошката потврда, т.е. нивна изолација на течна и цврста култура. При афекција на кожата и подкожното ткиво се формираат локални абсцеси и големи деструкции Кај лимфогландуларанта локализација зафатените линфни жлезди вообичаено се еднострани. Зголемувањето на лимфните желзди може брзо да прогредира и истите да коликвираат и да резултираат со пролонгирана дренажа. Лекувањето е комплексно, се разликува од лекувањето на туберкулозата, и е во зависност од изолираниот специес на НТМ и локализацијата на заболувањето. Покрај некои антитуберкулотици, во лекувањето се применуваат и голем број на антибиотици, пред се на макролидите .

Заклучок: НТМ се широко распространети во околината. Бројот на изолираните специеси во последните години рапидно се зголемува . Дијаганозата е тешка, а лекувањето се разликува од лекувањето на туберкулозата. Во лекувањето се вклучени некои од антитуберкулотиците и голем број на антибиотици , во зависност од изолираниот специес и локализацијата на заболувањето